# Јас и Ти

Кристан Хигинс

♡ ИЗДАВАЧКА КУЌА ХАРТ БУКС ПАБЛИШЕР ♡

www.sakamknigi.mk

Books... books... I need more books!

**Наслов на оригиналот**

**My one and only**
**© 2011 Kristan Higgins**

**Copyright © за македонското издание**
Издавачка куќа Харт Букс Паблишер, 2014

**Превод**
Ивана Николовска

**Коректура**
Светлана Стојанова

**Лектор**
Марија Иванова

**Главен уредник**
Ивана Николовска

**Интернет маркетинг менаџер**
Деана Николовска

**Дизајн на корица и компјутерска обработка**
Диме Спасев

***Сите права за книгата се задржани.***

*Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми.*

# Јас & Ти

Кристан Хигинс

i♥books

# 1

„ПРЕСТАНИ ДА СЕ СМЕЕШ. Секојпат кога ќе се насмееш умира по еден ангел.“

„Ау“, одговорив. „Ова ти беше добро.“

Негативниот човек седеше на шанкот и изгледаше како изваден од лоша кантри песна - без жена, расипан камион, мртво куче. „Слушај“, реков. „Знам дека е тажно, но понекогаш, разводот е само еден вид евтаназија на врска која умира.“ Го потапкав по рамото, а потоа му го поднаместив белиот околувратник кој беше малку поместен од средината. „На нашите срца понекогаш им треба само малку време за да го прифатат она што нашите глави веќе го знаат.“

Свештеникот воздивна. „Слушни ѝ ја оваа смешна фраза“, му рече на Мик, шанкерот.

„Не е смешна! Тоа е одличен совет.“

„Ти си злобна.“

„Боже мили“, реков. „Го прифаќаш ова потешко одошто мислев.“

„Вистина е. После целата моја напорна работа, ти напаѓаш и уништуваш сè.“

„Оче Брус!“ реков божем повредена. „Немаше напаѓање! Каква навреда!“

Јас и добриот свештеник седевме во Офшор Ејл, најдобриот бар на островот Мартас Вајнјард, темно и

убаво местенце во Оук Блафс и омилен избор на локалните жители и туристите. Свештеникот Брус, мој стар пријател и најпопуларниот пастор од островската католичка црква, често можеше да се најде овде.

„Ајде бе, оче“, продолжив, седнувајќи на едно барско столче до него и повлекувајќи си го здолништето надолу за да не го *сликнам* со гаќите. „Јас и ти всушност сме многу слични.“ Тој одговори со офкање кое го игнорирав. „Ние ги водиме луѓето низ тешките времиња во нивните животи, ги водиме низ емоционалните мински полиња, ние сме гласот на разумот кога разумот е изгубен.“

„Најтажната работа е тоа што таа верува во ова, Мик.“

Превртев со очите. „Престани да се муртиш зошто губиш и купи ми пијачка.“

„Бракот не е она што беше“, промрморе свештеникот. „Мик, еден бурбон за ајкулава овде.“

„Нека биде само кисела вода, Мик. И оче, ќе го избришам последниов прекар од записникот.“ Великодушно му се насмевнав. Се разбира дека бев ајкула. Сите најдобри адвокати за разводи се ајкули.

„Повторно изгуби, а, оче?“ рече Мик додека ставаше парче лимон во мојата кисела вода.

„Ајде да не навлегуваме повеќе, Мик. Таа и без тоа е злорадосна.“

„Дефинитивно не сум злорадосна“, се побунив. „Јас немам ништо против бракот и наскоро ќе ти го докажам тоа. Но во случајот на Старлинг против Старлинг, овие двајца беа проколнати од дента кога тој клекна на едно колено. Исто како и секој трет пар на светов.“

Свештеникот Брус ги затвори очите.

И покрај тоа што ние двајца имавме спротивставени ставови за разводите, јас и свештеникот Би бевме стари пријатели. Но дента, Џо Старлинг, еден од најстарите членови на парохијата на свештеникот Брус, имаше дојдено во мојата канцеларија за да побара да отпочнам бракоразводна постапка. Впрочем, имало трка до мојата врата и Џо победи. Тој беше... ајде да речеме... деветтиот парохјанин во изминатите две години кој го имаше направено тоа и покрај страшниот труд на свештеникот Би да ги натера луѓето да го почитуваат светиот брак.

„Можеби ќе се премислат", рече свештеникот Брус. Тој изгледаше толку надежно што немав срце да го потсетам на фактот дека ниту еден од моите клиенти никогаш се немаше повлечено од бракоразводна постапка.

„Па, како си инаку, Оче?" прашав. „Те видов дека пешачиш пред некој ден. Се чини дека срцето ти е добро после операцијата."

„Така се чини, Харпер, така." Се насмевна - после сè, тој беше свештеник, мораше да ми прости. „Па, направи ли некое добро дело денес?"

Направив гримаса. Свештеникот Брус, кој гледаше на мојата душа како на лична кампања, ме имаше предизвикано, кажано со негови зборови, „да го порамнам злото кое го предизвикував со мојата професија" со правење барем по едно случајно добро дело на ден. „Да, да", признав. „Во кафетеријата пуштив едно шесточлено семејство преку ред. Бебето им плачеше. Можам да поминам со тоа?"

„Можеш", рече свештеникот. „Патем, изгледаш убаво денес. Состанок со младиот Денис?"

Разгледав наоколу. „Повеќе од состанок, Оче." Згрчувајќи се кога Џон Карусо божем не сакајќи се удри во мојот грб, си продолжив со муабетот, преправајќи се дека не сум го слушнала неговиот промрморен епитет за мене. Човек се навикнува на пијани коментари кога е успешен како што бев јас. (Госпоѓата Карусо го доби станот во Бек Беј *и* куќата овде, да не правиме муабет за широкоградата месечна алиментација.) „Денес е денот. Планирам да ги презентирам фактите, да изградам убедлив случај и да ја чекам пресудата; која, патем, комплетно очекувам да биде во моја корист."

Свештеникот Брус крена една бушава бела веѓа. „Колку романтично."

„Мислам дека мојот став за романтиката е добро документиран, Оче Би."

„Човек да го сожали младиот Денис."

„Да го сожали, ако работата не му беше така идеално погодена. И знаеш дека сум во право."

„Знам?"

„Ти се молам." Ја чукнав мојата чашка од чашата на

свештеникот и пивнав. „За бракот. И ние за волкот, волкот на врата. Еве го, цели четири минути порано."

Типот со кој бев во врска последните две и пол години, Денис Патрик Костело, беше... па. Замислете ја најдобрата можна фантазија за секси пожарникар. А-ха. Така е. Густа, црна коса, сини очи, секси ирски акцент. Скоро метар и деведесет. Раменици кои би можеле да носат четиричлено семејство. Единствената мана на совршенството беше... една долга, тенка плетенка на тилот за која Денис беше неразумно приврзан уште од дете, а јас давав сѐ од себе за да ја игнорирам. Но сѐ на сѐ, неговата физичка убавина и постојаната љубезност секогаш ме правеше горда. На островот не постоеше ниту една единствена личност која не го сакаше Денис и не постоеше жена која не забораваше што сакала да каже кога тој ќе се насмевнеше. И тој беше мој.

Ден беше со Чак, неговиот колега од локалната пожарна, кој ми упати еден кисел поглед додека се упатуваше кон задниот дел од барот. Чак ја изневеруваше Констанс, неговата многу добра сопруга. И тоа не само еднаш. Не, тој беше вистински Тајгер Вудс, на крајот имаше признато за четири афери во рок од шест години брак. Како резултат на тоа, Чак сега живееше во изнајмена соба во Чапаквидик и секој ден мораше да оди на работа со траект. Тоа се последиците на гревот.

„Здраво, Чак! Како си?" прашав. Чак ме игнорираше како што му беше навика. Нема врска. Се свртев кон Денис. „Еј, срце! Види го ти него, четири минути порано."

Денис се наведна и ме бакна во образ. „Еј, прекрасна", рече. „Здраво, Оче Би."

„Денис. Со среќа, синко. Ќе се помолам за тебе."

„Фала, Падре." Денис очигледно не беше љубопитен да дознае зошто еден свештеник би можел да се моли за него, па само ми се насмевна. „Мртов гладен сум. Ти гладна си?"

„Многу. Се гледаме, Оче Брус", реков додека станував од барското столче. Денис ме измерка од глава до пети со алчен поглед - после сѐ, тоа беше поентата на мојот фустан и болно високите потпетици кои беа на граница на оросписки. Го сакав целосното внимание на Денис, а

со оглед на тоа што тој беше маж, покажувањето малку гради не можеше да му наштети на мојот случај.

Вечерва, јас имав намера да го поставам *прашањето*. Периодот од две и пол години со Денис ми имаше покажано дека тој имаше многу потенцијал за да биде солиден сопруг. Добро срце, стабилна работа, пристоен тип, блиски семејни врски, многу привлечен. Моментот беше сега или никогаш... на скоро триесет и четири години, јас немав намера да губам време и вечно да бидам нечија девојка. Јас бев личност која прави списоци и презема акции, а на Денис, Господ здравје да му даде, му требаше мало насочување.

Прв елемент од планот... да го нахранам Денис, кој имаше потреба од почесто јадење од новороденче. Знаев дека и неколку пива нема да наштетат, бидејќи Денис, иако изгледаше среќно во нашата врска, сè уште ја немаше начнато темата брак сам.

Па така, половина час подоцна, со едно пиво во него и еден хамбургер со сино сирење и сланина пред него, Денис ми кажуваше за некоја несреќа дента. „И јас пробувам да ја извадам вратата од автомобилот, ти текнува, и одеднаш чудово лета и го удира Чак директно во јајца и сите прснуваме да се смееме! И најсмешно од сè беше што старата жена сè уште беше внатре во автомобилот. Ох, човече, не можам да ти опишам.“

Трпеливо се насмевнав. Пожарникарскиот хумор беше - не знам ни како да го наречам - незрел и детинест? Нема врска, сепак се закикотев и промрморев: „Кутро женче“, мислејќи, се разбира, на кутрата старица која била заглавена во автомобилот додека пожарникарите паѓале од смеа и се шегувале за нивните јајца. „Лошо ли беше повреден возачот?“

„Не. Немаше ни гребаница на неа. Немаше да се смееме ако беше обезглавена или нешто слично.“ Тој ми упати една засрамена насмевка, а јас му возвратив со моја.

„Мило ми е што го слушам тоа. Па, слушај, Ден. Треба да разговараме.“

Кога ги слушна страшните зборови, насмевката на Денис ја снема. Трепкајќи брзо, како да имав намера да

му удрам бокс, тој посегна по својот огромен сендвич за заштита - одбранбен јазик на телото, нешто што често го гледав кај моите клиенти. Најдобро беше веднаш да нападнам. Ги прекрстив рацете во скутот, ја накосив главата и се насмевнав.

„Денис, мислам дека е време ние двајца да ги пренесеме работите на следното ниво, знаеш? Долго време сме заедно, имаме солидна врска, јас ќе наполнам триесет и четири години за неколку недели, следната година би ми била доцен, но добар избор за бременост, медицински гледано, па, ајде да се земеме.“

Денис исплашено се повлече наназад. Да му се плукнам. Не звучев претерано романтично, зар не? Можеби требаше да одам со посентиментален тон, наместо само да ги рецитирам фактите. Така и ми требаше што вежбав пред куче, наместо пред човек. Кога подобро ќе размислам, немаше ништо лошо во тоа што бев отворена и директна... така се добиваат случаи и на суд.

Моето момче одговори со тоа што напика добра четвртина од џиновскиот сендвич во устата. „Мммм-хммф“, рече тој, покажувајќи кон своите преполни образи.

Па, отпорот беше очекуван, се разбира. Денис беше маж, а најголемиот број мажи, со неколку чесни исклучоци, не го поставуваа прашањето без малку буцкање и поттурнување. А јас буцкав и поттурнував... Три месеци претходно со воодушевување коментирав за вереничкиот прстен на една негова братучетка, коментирав за неговата љубов кон деца, му кажав дека ќе биде добар татко, ја спомнував мојата желба за зачнување... но сега-засега, ништо. Претпоставив дека на Денис му требаше нешто малку по, хм, директно. Пример, не само да го буцнам и поттурнам, туку да го клоцнам. Зарем тоа не беше случај со најголемиот број мажи?

„Сега, немој да паничиш, срце“, реков додека тој очајно џвакаше. „Ние одлично функционираме како пар. Убаво се согласуваме. Заедно ги поминуваме најголемиот дел од ноќите, се гледаме подолго од две години, ти сега имаш триесет години, знаеш дека сакаш деца... Време е. Ти не мислиш така? Знам дека јас мислам.“ Се насмевнав за да му покажам дека двајцата бевме на иста страна.

Денис голтна, а неговото прекрасно, исончано лице сега беше бледо. „Ух, слушај, друже", почна тој. Јас направив гримаса - *друже*? Сериозно? Тој забележа. „Извини, друже", рече. „Мислам, Харпер. Извини." Денис ја затвори устата, ја отвори, се двоумеше, а потоа одгриза уште еден огромен залак од хамбургерот.

Добро. Во секој случај беше подобро јас да зборувам. „Дозволи ми да продолжам, добро, Ден? И после може да кажеш нешто. Ако сè уште сакаш." Се насмевнав и го погледнав во очи, што беше малку тешко со оглед на тоа што погледот на Денис избезумено шараше наоколу. Исто така, на телевизија играа Ред Сокс, па и тоа не ми помагаше, бидејќи Денис беше страстен навивач. „Ден, како што знаеш, јас по цели денови се справувам со посрани врски. Ги гледам грешките кои луѓето ги прават и знам што треба да се избегнува. Ние немаме посрана врска. Нашата врска е одлична. Навистина. И не можеме вечно да бидеме во оваа помеѓу зона. Ти и така си кај мене скоро секоја ноќ..."

„Твојот кревет е нездраво удобен", рече тој искрено, пикајќи неколку компирчиња во устата. Ми понуди неколку и мене, но јас одмавнав со главата; салатата ми беше доволно за вечерта.

„Не, фала. Да се вратиме на темата..." Благо се навалив нанапред, давајќи му на Денис подобар поглед кон моето деколте. Неговиот поглед се спушти како што кучето на Павлов се лигавело и јас се насмевнав. „Нашиот сексуален живот дефинитивно е добар", продолжив, потсетувајќи го на нашите поубави моменти. На соседната маса, една жена која се обидуваше да го убеди своето мало дете да јаде ми упати еден остар поглед. Туристи. „Очигледно сме си привлечни еден на друг, зар не?"

„*Најдефинитивно*." Ми ја упати својата широка насмевка која оставаше толку многу жени без коментар. Совршено. Сега размислуваше со својата мала глава, а тоа можеше да ми помогне.

„Баш така, срце. И јас одлично заработувам, а ти... па, имаш солидна, редовна плата. Ќе имаме многу пријатен животен стил, ќе направиме прекрасни бебиња, и така натаму. Ајде да го направиме ова трајно, што викаш?"

Посегнав по мојата чанта и го извадив малото кадифено кутиче. „Јас го одбрав дури и прстенот за да бидеме сигурни дека ќе ни се допаѓа."

Денис се згрчи кога го виде големиот дијамант.

Накратко ги затворив очите. „Јас веќе го платив, не грижи се. Гледаш? Ова сепак не е толку тешко, нели?" Му ја упатив мојата сериозна насмевка која обично ја користев на суд, онаа која велеше: *Почитуван судија, Ве молам. Може ли да престанеме да се заебаваме и да ја завршиме работава?*

Свештеникот Брус и Боб Викам, директорот на црковниот совет, се пробија до соседната маса. Свештеникот ми упати еден поглед кој го игнорирав.

Во тој момент, Џоди Пикеринг, поранешната девојка на Денис од средно школо и келнерка овде, се нацрта до нас и ги залепи своите гради пред неговото лице. „Имаш сè што ти треба овде, Дени?" праша таа, игнорирајќи ме мене и лигавејќи се околу мојот иден свршеник.

„Еј, Џоди, што има?" рече Денис со широка насмевка упатена кон нејзиното лице, не кон нејзините корпи со големина 85-D. „Како е малото човече?"

„Ох, супер е, Дени. Многу ми е мило што намина на натпреварот минатата вечер. Тој просто те обожава! И знаеш, без татко во целата оваа приказна, мислам дека на Ти Џеј навистина му треба..."

„Добро, капираме, Џоди", реков со љубезна насмевка. „Имаш пресладок син и сè уште си прилично слободна. Како и да е, Денис е со мене. Па многу би ценела ако ми направиш услуга и ги тргнеш градите од пред лицето на моето момче."

Таа ме погледна со подзамижани очи и замина. Денис го гледаше нејзиното заминување како што човек би можел да ги гледа чамците за спасување како се оддалечуваат од Титаник. Тогаш подголтна и ме погледна. „Слушај, Харп", почна тој. „Ти си... знаеш... одлична и сето тоа, но, хмм... па, зошто да поправаш нешто што не е расипано, знаеш? Мислам, зошто да менуваме нешто кога меѓу нас постои добра работа? Не може да си продолжиме вака заедно?"

Повторно, очекувано. Се подисправив и ја накосив

главата. „Денис“, реков остро, потполно свесна дека ваквиот разговор со вртење во круг би можел да трае вечно. „Ова не е средно школо. Ние не сме деца. Заедно сме веќе две и пол години. Јас ќе полнам триесет и четири следниот месец. Не сакам да терам вака вечно. Ако не се венчаме, тогаш треба да раскинеме. Па... или сери или тргај се од тоалетната шолја, срце.“

„Тоа беше прекрасно“, промрморе свештеникот Брус додека го отвораше менито.

Го удостоив со еден страничен поглед, а потоа повторно се свртев кон пожарникарот Костело. „Денис? Ајде да го направиме ова.“

Громогласното ’ржење во барот му даде малку време на Денис. Двајцата погледнавме кон телевизорот. На екранот, играчите на Сокс се радуваа, плукаа и си ги чешаа препоните. Зар овие немаа оддел за односи со јавност, да му се плукнам? И само уште натпреварот му фалеше на Денис... уште нешто да му го свртува вниманието од разговорот.

Тоа што одбрав јавно место за оваа дискусија очигледно ми беше тактичка грешка. Јас на почетокот мислев дека тоа би можело да работи во моја полза... па дури и си го замислив Денис како се развикува „Еј, луѓе, ние ќе се венчаме!“ и луѓето (дури и оние кои малку ме мразеа) групно и радосно извикуваат и ракоплескаат.

Беше очигледно дека такво нешто нема да се случи. „Денис?“ реков, а градите почнаа малку да ме стегаат. „Може да добијам одговор?“

Денис ја зеде салфетката и почна да ја кине на мали парченца.

Во мојата свест навлезе едно мало, остро сечило на несигурност. Денис обично *страшно* брзо се сложуваше кога правев некакви планови. Да, јас бев онаа која ја преземаше контролата во нашата врска, но зар тоа не беше типично? Мажите никогаш не планираа сами. Тие не предложуваа пикници или патувања или што било. И неговите постапки секогаш зборуваа за трајност и покрај тоа што неговите зборови вечерва покажуваа отпор. Две и пол години - години! - во ексклузивна и взаемно задоволувачка врска без ниту една значајна

караница. Се разбира дека одевме кон брак. Тој ги имаше сите неопходни квалитети за да биде добар сопруг... му требаше само мало поттурнување кон светот на возрасните.

Впрочем, јас веднаш до мојата чинија имав и листа за да му помогнам на Ден на тој фронт. *Да најде втора работа*, бидејќи имаше премногу слободно време како пожарникар и навистина не требаше да игра xBox толку многу колку што знаев дека играше (или да симнува порничи како што се сомневав дека симнуваше). *Да се отараси од неговата кола El Camino од 1988 година што ја возеше сега* - едната врата зелена, сите други делови рѓосани - и да купи нешто што нема да прави да изгледа како осиромашен макро. *Да ја исече детската плетенка што изгледаше како опаш на стаорец* затоа што... ти се молам! Изгледаше како опаш на стаорец! И за крај... *да се всели со мене*. Иако ние секоја недела поминувавме по четири или пет ноќи заедно, Денис сè уште живееше во гаражен стан кој го изнајмуваше од неговиот брат. Јас имав трособна куќа со поглед кон плажата.

Мојот план беше да почекам да ја прифати мојата понуда, а потоа да му ја подадам листата и да дискутираме за неа.

Но тој не ја прифаќаше мојата понуда.

Признавам дека бев малку збунета. Од Денис обично барав многу малку и го прифаќав каков што беше - добар тип. Се разбира, тој сè уште беше како дете за одредени работи, но тоа беше во ред. И покрај тоа што не сакав да лепам етикети и да изјавувам љубов, можам да кажам дека јас го сакав Денис. А кој не? Роден островјанин како и јас, Денис имаше пријатели секаде каде што ќе отидеше, од момците кои работеа на траектите до туристите кои летно време доаѓаа на островот.

Добро, признавам, тој можеби не беше, хмм, најинтелигентниот маж на земјата, но Денис беше добродушен и многу храбар. Впрочем, тој пред неколку години имаше спасено три деца од запалена куќа уште втората недела на работа и беше еден вид на локална легенда. Кога сме веќе кај децата, Денис беше многу добар со нив, природен и опуштен каква што јас никогаш не сум била

и покрај мојата надеж да имам свои деца еден ден. Но Денис... тој знаеше да легне да се тркала на подот со неговите седум внуци и внуки и тие го обожаваа.

И - ова не можеше да не се земе предвид - јас му се *допаѓав*. Искрено, не би знаела да кажам колку мажи правеа болни гримаси како некој да ги опнал по мадињата кога ќе чуеја што работам. А и жени, како јас да бев некоја сипаница за нашиот род само затоа што ставав крај на посрани бракови. Имаше голем број на луѓе кои весело ми ги бушеа гумите откако ќе потпишев да го застапувам нивниот сопружник. Ме викаа кучка (а и полошо), ми фрлаа кафе во лице, ме плукаа, ме колнеа, ми се закануваа и ме осудуваа.

Јас ги сфаќав сите овие работи како комплименти. Да, јас бев многу добар адвокат за водење на бракоразводни постапки. Ако тоа значеше дека голем дел од населението имаше вуду кукли со црвена коса и тесен сив костум, тогаш ако. Впрочем, Денис го запознав кога една лута сопруга го заби својот автомобил во мојот и пожарникарите мораа да ми ги исечат вратите за да ме извадат (без повреди и со фина отштета од судијата Бурџес кому му бев нешто како миленичка). „Сакаш да одиме на пиво? Јас завршувам за пола саат", ми имаше речено Денис, а јас, попотресена отколку што сакав да покажам, се согласив.

Тој не изгледаше исплашено од мојата репутација на жена која ги цеди неверните мажи за мадиња. Не беше заплашен од мојата здрава плата финансирана од распаѓањето на сонишатата „си живееја среќно до крајот на животот". Значи, да. На Денис вистински му се допаѓав. И покрај тоа што не воздивнував од воодушевување кога ќе се погледнев во огледало, јас знаев дека сум привлечна (некои луѓе би можеле да речат *многу привлечна*), добро облечена, вредна, успешна, паметна, лојална. А и забавна. Па... понекогаш бев забавна. Добро, се разбира, имаше многу луѓе кои не би се согласиле со тоа, но мислам дека бев доволно забавна.

Сè на сè, јас мислев дека би можеле да бидеме многу задоволни. И повеќе од тоа.

Како што многу добро знаев, браковите беа кревки

птици на надеж и секој еден од три завршуваше во купче од валкани пердуви. Искуството ми имаше покажано дека најголем дел од пропаднатите огорчени бракови беа оние кои претходно биле „Ох, душо моја, моето срце бие само за тебе“. Утеха, пријатна придружба и реални очекувања... тие работи не звучеа толку гламурозно како *бесмртна страст*, но вредеа многу повеќе отколку што мислеа многу луѓе.

Постоеше уште една причина поради која сакав да добијам посветеност од Денис. Наскоро требаше да наполнам триесет и четири години, а тоа значеше дека ќе бидам на иста возраст како мајка ми последниот пат кога ја имав видено. Од некоја причина, помислата да бидам (*сама, напуштена*) слободна... на таа возраст... тоа ми изгледаше како невиден неуспех. Во последните неколку месеци, таа помисла во мојот ум пулсираше во мрачен ритам. *Иста возраст како неа. Иста возраст како неа.*

Денис беше тивок, неговата салфета сега претворена во конфети. „Друже, слушај“, рече тој најпосле. „Харп. Хмм. Сакам да кажам, Харпер. Ух, срце... па, работата е во тоа што...“

Во тој момент, шепотливиот глас на Одри Хепберн се проби низ мојата чанта, песната која значеше дека ме бара сестра ми. Како и Одри, мојата сестра беше прекрасна, слатка и со вечна потреба за заштита. Таа неодамна се имаше преселено во Њујорк и во последните неколку недели не се слушавме многу често.

„Сакаш да се јавиш?“ праша Денис веднаш.

„Хмм... немаш ништо против?“ реков. „Сестра ми е.“

„Не, слободно“, одговори тој и практично се стопи од олеснување. „Слободно јави се.“ Го допи останатото пиво и повторно се сврте кон телевизорот.

„Еј, Вила!“

„Харпер? Јас сум, Вила!“ И покрај тоа што мојата полусестра имаше дваесет и седум години, нејзиниот глас сè уште имаше детска нота и звукот секогаш носеше насмевка на моето лице.

„Здраво, душичке! Како е Големото Јаболко? Ти се допаѓа?“

„Одлично е, но Харпер, јас имам новости! Големи новости!“

„Навистина? Да не најде работа?“

„Да, јас, хмм, најдов позиција како административен асистент. Но тоа не е мојата новост. Подготвена си? Седиш?“

Во истата секунда ме полазија морници. Погледнав кон Денис, кој сѐ уште беше концентриран на натпреварот. „Добро... што е?“

„Ќе се мажам!“

Раката ми летна кон устата. „Вила!“

„Знам, знам, не си воодушевена и ќе ми кажеш дека е рано, бидејќи штотуку се запознавме, пред само неколку недели, но ова е нешто како касмет, така ли беше зборот? Дефинитивно правилно. Мислам, Харпер, јас никогаш во животот не сум се чувствувала вака! Никогаш.“

Проклетство. Длабоко вдишав, го задржав здивот на неколку секунди, а потоа полека издишав. „Ич не сакам да ти го кршам меракот, Вила, но така рече и првиот пат кога се мажеше, душичке. А и вториот пат.“

„Ох, престани!“ рече таа низ смеа. „*Дефинитивно* ми го кршиш меракот. Знаев дека ќе те извадам од памет, но не грижи се. Имам дваесет и седум години, знам што правам! Јас ти се јавив само затоа што... ох, Харпер, не знаеш колку сум среќна! Навистина сум среќна! Немаш поим колку многу го сакам! А тој мисли дека јас, не знам, дека одам по вода!“

Ги затворив очите. Вила за првпат се имаше омажено на дваесет и две години, три недели откако Раул го пуштија од затвор; разводот дојде месец дена подоцна заедно со третата рецка за грешки кога тој ограби продавница за монистри. (Знам. Продавница за монистри?) Сопругот број два, кој сестра ми го најде на дваесет и петгодишна возраст, призна дека е геј некои седум недели после свадбата. *Само* Вила беше изненадена.

„Тоа е одлично, душичке. Тој звучи, хмм, прекрасно. Само што... Брак? Толку брзо?“

„Знам, знам. Но Харпер, слушај. Јас дефинитивно сум вљубена!“

*Човек учи од своите грешки додека е жив,* како не бе. „Не можеш да погрешиш ако одлучиш да не брзаш, Вилс. Тоа е сè што сакам да кажам.“

„Зар не можеш да кажеш дека си среќна за мене, Харпер? Ајде! Мама пука од радост!“

Ова не беше изненадување. Мојата маќеа, Беверли, живееше за свадби, без разлика дали во семејството, во таблоидите или во некоја од трите сапуници кои ги гледаше религиозно.

„Сакам само да кажам дека е малку пребрзо, Вила.“

Вила воздивна. „Знам. Но овој пат не е како претходно. Ова е вистинската работа.“

„Ти штотуку се пресели, душичке, пред два месеци. Зарем не сакаш да уживаш во градот, да откриеш што навистина сакаш да работиш?“

„Сè уште можам да го правам сето тоа. Јас се мажам, не умирам.“

Гласот на сестра ми сега звучеше малку луто, па решив да се повлечам. „Во право си. Па, ова е возбудливо. Честитам, душичке! Еј! Би сакала да ви организирам голема свадба овде на островот. Сите добри места се веќе резервирани за есенва, но следното лето...“

„Нема потреба, но фала ти, Харпер! Срцка си, но ние веќе најдовме место и никогаш нема да погодиш каде ќе правиме свадба.“

„Каде?“ прашав.

„Во националниот парк Глечер, ете каде! Во Монтана!“

„Ау.“ Погледнав во Денис, но неговото внимание сè уште беше фиксирано на екранот над шанкот. „Па, хмм... за кога размислувавте?“ *Те молам нека биде за долго време од сега.*

„Нема време подобро од сегашноста“, рече таа весело. „На 11ти Септември! Ќе ми бидеш старосватица, така? Мора да бидеш ти!“

„На 11ти Септември, Вилс?“

„Ох, ајде бе! На тој ден добро би му дошло малку веселба, зар не мислиш така?“

„Тоа е за две недели.“

„Па што ако? Кога треба да биде, треба да биде. Ќе ми бидеш старосватица или не?“

Ја отворив устата, ја затворив и си го гризнав јазикот. За две недели. Да му ебам мамата. Две недели да ја разубедам Вила за да не влезе во уште еден катастрофален брак или барем да забави малку и добро да го запознае својот потенцијален младоженец. Можев да го направам тоа. Само морав да терам по нејзино. „Па, се разбира. Се разбира дека ќе ти бидам старосватица.“

„Ураа! Фала ти, Харпер! Немаш поим колку ќе биде убаво таму. Но слушај, сè уште не ти го кажав најдобриот дел“, рече Вила.

Срцето ми се стегна. „Да не си трудна?“ ја прашав смирено. И тоа беше во ред. Се разбира дека имав намера да го издржувам и поддржувам детето. Да платам за факултет. Да се погрижам детето да остане на училиште.

„Не, не сум *трудна*. Слушај се што зборуваш! Сакав само да ти кажам дека ти го знаеш младоженецот.“

„Го знам?“

„Аха! Светов дефинитивно е мал. Сакаш да погодиш?“

„Не. Само кажи ми кој е.“

„Името му почнува на К.“

Мажи во Менхетен чие име почнува на К? „Јас... не знам. Се предавам.“

„Кристофер.“ Гласот на Вила предеше од љубов.

„Кој Кристофер?“

„Кристофер Ловери!“

Нагло се повлеков наназад на столицата и за малку ќе го истурев моето вино. „Ловери?“ прашав со опасно пискав глас.

„Знам! Неверојатно! Ќе се мажам со братот на твојот поранешен сопруг!“

# 2

КОГА СПУШТИВ НЕКОЛКУ СЕКУНДИ ПОДОЦНА, забележав дека рацете ми се тресеа. „Денис?“ реков. Гласот ми звучеше чудно и свештеникот Брус намуртено ме погледна. Му упатив една блага насмевка - па, барем се обидов. „Ден?“

Моето момче конечно се освести. „Добра си, срце? Изгледаш... чудно.“

„Денис, ми излезе нешто. Вила... хм... може ли да... го одложиме нашиот разговор малку? За неколку недели?“

Цел бран од олеснување го преплави неговото лице. „Ух... секако! Како не! Добра е сестра ти?“

„Па, таа... да. Добра е. Ќе се мажи.“

„Кул.“ Тој се намурти. „Или не?“

„Не... не е кул. Морам да бегам, Денис. Извини.“

„Ако, ако, нема гајле“, рече тој. „Сакаш да те однесам до дома? Или да останам кај тебе вечерва?“

„Не вечерва, Денис. Но фала.“

Мора да звучев чудно и нерасположено, бидејќи Денис ги збрчка веѓите. „Сигурна си дека си добро, срце?“ Тој посегна преку масата и ја фати мојата рака.

Јас благодарно му ја стегнав. По пробивањето на дебелите надворешни слоеви на Денис, внатре навистина имаше сладок човек.„Добра сум. Фала. Само... па, свадбата е за неколку недели. Ова ми дојде како шок.“

„Дефинитивно." Тој се насмевна и ми ја бакна раката. „Ќе ти се јавам после."

Влегов во кола и тргнав накај дома, мислам дека воопшто не ги гледав улиците и автомобилите, иако веројатно несвесно сум внимавала за да не удрам некој пешак или дрво. Со оглед на тоа што туристичката сезона сè уште беше во полн ек, одев по споредните улици, возејќи во западен правец кон неверојатното зајдисонце, наоѓајќи утеха во бескрајните камени ѕидови на Вајнјард, боровите и дабовите, убавите мали куќи. Времето кое го имав поминато далеку од островот - додека бев на факултет, еден краток период во Њујорк и постдипломски студии во Бостон - ме имаше натерано да сфатам дека островот беше најубавото место на земјата.

Мартас Вајнјард се состои од осум градови. Јас работев во Едгартаун, земја на бели океански куќи, беспрекорни градини и се разбира прекрасниот суд. Денис живееше во убавиот Оук Блафс, познат по викторијанските куќи, а јас живеев во една минијатурна област наречена Менемша.

Трпеливо чекав една редица туристи кои доаѓаа овде да му се воодушевуваат на прекрасното опкружување во маалото на работничката класа да поминат пред мене, а потоа паркирав на паркингот пред мојата куќа. Тоа беше мала, невпечатлива куќа каде немаше што многу да се види однадвор, но сепак беше совршена однатре. А погледот... погледот беше скапоцен. Старата куќа во која живеев, сместена на брдо и со поглед кон океанот, му припаѓаше на таткото на татко ми кој на времето бил рибар и куќата заедно со местото каде беше изградена дефинитивно личеше на рибарска куќа.

Низ прозорецот од дневната соба можев да го видам кафено-белото главче на Коко како се појавува и исчезнува додека таа скокаше нагоре-надолу за да потврди дека да, јас навистина бев вратена дома. Во устата го држеше своето омилено пријателче, еден плишен зајак кој беше малку поголем од неа. Со оглед на тоа што беше мешавина од Џек Расел териер и чивава, Коко беше малку шизофренична, нејзиното расположение и однесување постојано се менуваше согласно карактеристиките на

двете сорти - понекогаш беше весела, разиграна и мила како териер, а понекогаш кротка и исплашена како чивава. Во тој момент, таа беше во нејзиното среќно расположение, но кога доаѓаше време за спиење, секогаш се претвораше во мало исплашено ѕверче кое очигледно мораше да спие со главата на мојата перница.

Ја отклучив вратата и влегов. „Здраво, Коко", реков. Со едно отскокнување, таа ми скокна во рацете и ми ја излижа брадата. „Здраво, бебе!" Таа навистина беше како бебе, сигурно не тежеше повеќе од три килограми. „Како е моето девојче? Хм? Убаво си помина денес? Ја заврши новелата што ја пишуваш? Ја заврши! Ох, колку си паметна." Тогаш го бакнав нејзиното мало кафено-бело главче и ја држев залепена за мене неколку минути.

Додека дедо ми беше жив, оваа куќа наликуваше на типичен, преполн ранч. Три мали спални соби, два тоалети, дневна соба и кујна. Тој почина додека јас бев на постдипломски студии и ми ја остави куќата мене, неговата единствена внука (сакам да кажам биолошка... Вила му се допаѓаше, но јас бев неговото специјално девојче). Без разлика колку заработував како адвокат за разводи, јас никогаш немаше да можам да си го дозволам овој поглед сама. Но благодарение на дедо ми, го имав. Можев да ја продадам куќата за неколку милиони долари на еден од инвеститорите кои рушеа и градеа туристички вили, но не го направив тоа. Наместо тоа, јас му имав платено на татко ми кој работеше со градежништво за да го реновира местото.

Па така срушивме неколку ѕида, ја преместивме кујната, ги проширивме спалните соби, ставивме стаклени шибер врати секаде каде што беше можно и крајниот резултат беше прекрасен дом изграден со напорната р-бота на мојот дедо - рибар, реновиран со рацете на татко ми и финансиран со мојата адвокатска плата. Често си замислував дека еден ден ќе доградам и втор кат на куќата за моите добро воспитани и убави идни деца, но сега-засега бевме само јас и Коко, со Денис како редовен гостин. Ѕидови со боја на песок, бел мебел, овде-онде по некоја жива боја. Зелено весло купено на една распродажба беше естетски потпрено во едниот

агол, нежна сина фотелја пред прозорецот кој гледаше кон заливот. Над шибер вратите кои водеа кон тремот висеше една портокалова гума за спасување со името на бродот на дедо ми испишано на неа со избледени букви - Пегасус.

Со една тешка воздишка, повторно го свртев вниманието кон шокантната вест на сестра ми.

*Ќе се мажам со братот на твојот поранешен сопруг!*

По ѓаволите.

Време за винотерапија. Спуштајќи ја Коко на подот, отидов до фрижидерот, отворив едно шише и си сипав здрава количина, ох да. Ја испив половина чаша на екс, грабнав една кесичка морска сол заедно со виното и чипс и се упатив кон тремот. Коко цупкаше покрај мене на нејзините минијатурни преслатки ножиња.

Значи, сестра ми планираше да се омажи со Кристофер Ловери, човек кој последен пат го имав видено на мојата свадба пред тринаесет години. Колку години имал тој тогаш? Шеснаесет? Осумнаесет?

Пивнав од виното и длабоко вдишав од солениот, влажен воздух, уживајќи во мирисот на свежа риба. Го слушав звукот на неуморниот островски ветар кој вечерва ја удираше мојата куќа од два различни правци, носејќи ми малку музика и смеа од други места, други домови. *Смири се, Харпер,* си реков остро. *Нема причина за кревање паника. Барем не сè уште.*

„Ќе си земам чаша", рече еден глас. Тоа беше Ким, мојата сосетка и најблиска пријателка. „После сакам да ми раскажеш сè."

„Секако", одговорив. „Кој е со децата?"

„Татко им идиотот", рече таа.

Како што очекував, гласот на Лу ја распара релативната тишина кога се развика во малиот двор кој ги двоеше нашите куќи. „Душо? Каде се влажните марамици?"

„Најди ги самиот, по ѓаволите! Децата не се само мои!" се развика Ким.

Ова беше проследено со пискање и цвилење на еден од четирите синови на Ким. Јас се стресов. Нашите куќи

беа на само неколку метри, но за среќа, мојата беше позиционирана малку понапред од нејзината, па не бев принудена да гледам што се случуваше во нивниот дом и покрај тоа што постојано ги слушав.

„Куќава е свињарија!“ се развика Лу.

„Па исчисти ја!“ врати неговата невеста.

„Како ја одржувате магијата?“ прашав јас, пивнувајќи од виното. Ким се насмевна и седна на столчето до мене.

„Човек да нè слуша, никогаш не би ни претпоставил дека синоќа се ебевме како мајмуни“, рече таа, сипувајќи си од виното.

„А како се ебат мајмуните?“ ја прашав со кренатата веѓа.

„Брзо и бесно.“ Таа се насмеа и ја чукна чашата од мојата.

Ким и Лу имаа среќен (и несмасен) брак. Тие не ми беа баш некој идеален пример, но сепак ме успокојуваа. Се имаа преселено овде пред неколку години, Ким се појави пред мојата врата со кутија крофни и шише вино и ми понуди пријателство. Мој тип на жена.

„Мамичке!“ Се слушна гласот на еден од близнаците.

„Зафатена сум!“ извика таа. „Прашај го татко ти! Жими Господ, Харпер, живо чудо е што уште не сум ги продала како бело робје.“

Ким често тврдеше дека ми завидува на животот како слободна вработена жена, но вистината беше дека јас ѝ завидував нејзе за нејзиниот. Па, за одредени работи. Таа и Лу беа стабилни и се сакаа, комплетно сигурни во среќниот начин на кој се боцкаа и си наредуваа триста чуда еден на друг. (Ете. Јас немав ништо против бракот кога луѓето во него ги правеа работите како што треба.) Нивните деца беа на возраст од две до седум години. Грифин беше најстарото момче и имаше душа на шеесетгодишен маж. Тој одвреме-навреме доаѓаше да играме друштвени игри и да ја гали Коко. Грифин ми се допаѓаше, дефинитивно повеќе од четиригодишните близнаци, Гас и Хери, кои оставаа трага од хаос, крв и руини каде и да отидеа. Двегодишното момче, Дезмонд, ме имаше гризнато минатата недела, но две секунди подоцна го имаше за-лепено своето мало лигаво лиценце за

моето колено, необично прекрасно чувство, па поротата сè уште беше во недоумица за него.

„Па, свршена си?“ праша Ким, заземајќи удобна позиција. „Кажи ми уште сега за да можам да се ставам на диета. Нема шанси да бидам олкава старосватица.“

„Не сум свршена“, одговорив смирено.

„По ѓаволчињата!“ Ким, која се обидуваше да не пцуе пред нејзините деца, си имаше измислено сопствени пцовки кои одвреме-навреме ми влегуваа во глава и мене. „Те одби?“

„Па, не баш. Сестра ми се јави за време на преговорите и погоди што? Таа ќе се мажи.“

„Пак?“

„Баш така. Но чекај, станува уште подобро. Штотуку го запознала типот, пред месец дена. И погоди што друго? Тој е...“ Направив пауза и пивнав од течната храброст, „тој му е брат на мојот поранешен сопруг. Всушност, полубрат.“

Таа почна да се дави од виното. „Ти имаш поранешен сопруг, Харпер? Како може јас да не го знам ова?“

Погледнав во неа. „Претпоставувам дека никогаш не сме паднале на муабет. Тоа беше многу одамна, грешка од младоста и така натаму и така натаму.“ Се запрашав дали таа ми поверува. Двете го игнориравме пискањето од нејзината куќа, иако Коко скокаше во мојот скут, во моментот вистинска потресена чивава чиј страв можеше да се излечи само со неколку компирчиња од чипсот.

„Види-види“, рече Ким кога јас не понудив дополнителни информации.

„Да.“

„И што, Вила туку-така... налетала на твојот поранешен девер?“ праша Ким. „Добро, знаеме дека светов е мал, но не ми се верува. Во Њујорк?“

Немав прашано за тоа, премногу бев шокирана од спомнувањето на... *него*... за соодветно да ги процесирам информациите. После толку години поминати во обид да не мислам на него, сега неговото име пулсираше и ми го гореше мозокот. Ги кренав рамениците и пивнав од виното, а потоа ја потпрев главата на задниот дел

од столицата. Небото сега имаше боја на лаванда, само една тенка црвена линија во хоризонтот го обележуваше спуштањето на сонцето. Туристите кои беа дојдени да го гледаат зајдисонцето почнаа да се враќаат во своите автомобили.

„Значи повторно ќе го видиш? Бившиот? Како се вика?“

„Претпоставувам, ако воопшто ја истераат свадбава докрај. Закажана е за две недели. Во Монтана.“ Уште една голтка. „Тој се вика Ник.“ Зборот ми беше некако голем и чуден во устата. „Ник Ловери.“

„Јуху! Харпер душо! Каде си? Зборуваше ли со сестра ти? Кажи колку е возбудливо! И романтично? Боже мили, за малку ќе се помочав во гаќи кога ми кажа!“

Мојата маќеа влета во куќата - таа никогаш не тропаше. „Овде сме, Беверли“, извикав, станувајќи да ја пречекам. Нејзината жолта коса беше кренатa на пет сантиметри од нејзиниот скалп („Колку поголема коса, толку поблиску до Бога“ велеше таа често), на нејзиното лице имаше повеќе шминка отколку на мисица, нејзината блуза беше доволно отворена за да покажува огромен дел од нејзините големи гради. Беверли му беше сопруга за покажување на татко ми во изминатите дваесет години, таа беше петнаесет години помлада од него, русокоса и од Тексас. Зад неа, мојот висок и слаб татко беше речиси невидлив.

„Здраво, тато.“ Татко ми, човек кој не сакаше многу да зборува, освен ако некој не му впери пиштол во срцето, кимна и клекна да ја погали Коко која толку силно мавташе со опашката што се зачудив како не ѝ се крши ’рбетот. „Здраво, Бев. Да, се слушнавме.“ Направив пауза. „Големо изненадување.“

„Еј, здраво, Кими! Како си? Ти ги кажа ли Харпер убавите вести?“

„Аха, ми кажа“, рече Ким. „Многу возбудливо!“ Таа ме погледна и ми намигна.

„Знам!“ предеше Беверли. „И Боже мој, Монтана! Колку романтично! Мислам дека Крис работел таму некое лето или така нешто... Сеедно, не можам да дочекам! Каква боја ќе ти биде фустанот? Џими, што мислиш?“

Погледнав во татко ми. Тој стана, ги стави рацете во џебовите и кимна. Од искуство знаев дека ова ќе биде целиот негов придонес во разговорот. Татко ми беше нездраво тивок, како човек во кома. Но на Беверли не ѝ требаа други луѓе за да разговара. Па таа си продолжи.

„Мене ми се врти во глава лаванда, што мислите вие? За тебе, Харпер, не за мене. Јас се спремам да земам едно мало, портокалово парче што го видов на интернет. Мислам дека бојата ја викаат канталоп-манго, знаеш? И знаете колку ја сакам портокаловата боја."

„Подобро да одам", рече Ким. „Слушам дека кај мене се крши некое стакло. Се слушаме, Харпер. Чао, господине Џејмс. Госпоѓо Џејмс."

„Душо, не мораш да ме викаш госпоѓа Џејмс! Сум ти го кажала тоа милион пати!"

„Чао, Беверли", рече Ким пријателски. Таа си го допи виното и ми мавна.

„Се гледаме", ѝ реков, а потоа се свртев кон татко ми и Беверли. „Па. Пред да одбереме фустани, можеби би требало да поразговараме за, ух, разумноста на овој настан?"

„Разумност? Слушај се што зборуваш, драга!" извика Беверли. „Џими, сместувај го задникот на некоја столица. Ќерка ти сака да разговараме!" Таа дојде до мене, ми го повлече ластичето за да ми го одврзе опавчето, а потоа почна да ми ја разбушавува косата, игнорирајќи ги моите обиди да се оддалечам од неа. „Искрено, Харпер, човекот просто не знае што да мисли за ова! Неговото мало девојче ќе се мажи за бившиот сопруг на неговото друго мало девојче! Лудница." Тогаш, таа го извади својот џебен лак за коса што го носеше прикачен на приврзокот за клучеви и почна да ми ја прска косата.

„Добро, Беверли, супер е", реков јас, обидувајќи се да не вдишувам. „Доволно е. Фала." Таа го спушти оружјето, а јас си го прочистив грлото. „Сега, како прво, Вила нема да се мажи со мојот поранешен сопруг", реков со мојот адвокатски глас. „Чисто да појасниме. Таа ќе се мажи за Кристофер. Кристофер му е полубрат на Ник. Јас бев мажена со Ник."

„Душо, знам." Беверли почна да буричка во својата

чанта и извади една кутија тенки цигари. „Јас бев таму на твојата свадба, зар не? Лошо се изразив, добро? Немој веднаш да се лутиш, важи шеќерче? Само затоа што ти не знаеш каде ти е главата што повторно ќе го видиш Ник, не значи дека треба да...“

„Не е точно дека не знам кај ми е главата“, промрморев.

„...ја касаш раката што те храни. Ова е среќен ден, добро?“ Кралицата на мешани метафори длабоко повлече од цигарата и го издува чадот од едното крајче на устата.

„Ти не ме храниш.“

„Па, би те хранела кога би ми дозволувала. Дефинитивно си многу слаба. Како и да е, Вилард просто ја обожава пурпурната боја, па мислам дека лавандата ќе ти биде одличен избор, шеќерче. Сакаш да ја направиш Вилард среќна, зар не?“

Ја отворив устата, но брзо ја затворив. Ако веќе признавам дека имав слаба точка, нејзиното име беше Вила. Поточно, Вилард Кристал Лупински Џејмс.

Летото откако мајка ми ме остави, татко ми замина во Вегас на двонеделна конференција за еколошки градежни материјали... или барем така рече тој. Јас ги поминав двете недели кај мојата пријателка Хедер, викајќи ја мајка ѝ „мамо“ и преправајќи се дека тоа беше шега, а не желба. Татко ми се врати со Беверли Роберта Дупри Лупински и нејзината ќерка Вилард.

Јас бев вџашена, ужасена и апсолутно бесна на она што татко ми го имаше направено. Кога тој ми имаше кажано дека ќе оди на запад, во мојот ум се роди една мала фантазија - си замислував дека татко ми ќе оди да ја пронајде мајка ми и да ја замоли да му прости (за што и да беше она што си замислував дека го направил.) И таа ќе се врати за повторно да бидеме среќно семејство. Разумниот дел од мојот мозок знаеше дека тоа нема да се случи... но ова? Ова дефинитивно го немав предвидено. Татко ми да се ожени? За оваа... оваа барбика од парк каде луѓето живеат во приколки? Се прашував дали нејзините гради беа вистински. Дали моравме да гледаме толку голем дел од нив? И јас требаше да ја делам *мојата соба* со *нејзиното дете*? Дали тој го имаше изгубено умот?

Но, типично за него, одговорот на татко ми беше краток: „Работата е завршена, Харпер. Немој да правиш да биде потешко отколку што мора да биде.“

„Вилард, оди да ја бакнеш твојата нова постара сестра, шеќерче. Ајде, веднаш!“ Вилард само ја стегна раката на мајка си и одби да го крене погледот. Таа беше бледа и слаба, нејзината коса разбушавена, нејзините колена ковчести и одрани. Ти се молам. Јас сè уште патев поради напуштањето на мајка ми, а сега овие две требаше да живеат со мене? Да имам маќеа? Полусестра? Татко ми беше идиот и немаше теоретска шанса да се трудам да му го олеснам животот. Планирав вечно да ги мразам двете. Особено детето. Глупавото дете.

Мојата решителност траеше некои осум часа. Отидов во мојата соба за да се удавам во врелите и горки солзи кои не можев да почнам да ги леам дури ни тогаш. Го проколнав мојот молчалив татко и почнав да кукам за неправедноста на животот, конкретно мојот живот. Многу јасно дека ја прескокнав вечерата. Попрво ќе дозволев да умрам од глад во мојата соба отколку да се симнам долу и да јадам со *нив*. Правев планови да побегнам/ да ја најдам мајка ми/ да станам позната/ да загинам во ужасна несреќа/ сите горенаведени, кои би ги натерале сите останати да сфатат колку биле ужасни со мене и да се почувствуваат како кучешко гомно, но да им биде доцна, па ете им. Татко ми беше шупче. Мајка ми... мајка ми ме имаше напуштено, татко ми едвај зборуваше, јас немав браќа и сестри. Оваа карикатура Беверли беше смешна. Нејзиното дете... Исусе. Таа дефинитивно не ми беше нова сестра само затоа што некоја евтина непозната жена се омажила со мојот татко, кој, патем, можеби можеше да ми се јави и барем да ме предупреди, ако не друго.

По некое време бев заспала стуткана во положба на фетус, свртена накај ѕидот, со болка во вилицата од долго и силно стегање, со скаменето срце.

Ноќта се разбудив околу единаесет часот, надевајќи се дека мојата нова ситуација е само сон. Не. Од ходникот можев да чујам... *звуци*... од спалната соба на татко ми. Фантастично. Тој не само што мораше да се

ожени со ужасната евтина барбика на стероиди, туку имаше и секс. Одвратно. Се свртев на другата страна за да ја грабнам мојата прастара кукла и да си ги покријам ушите со неа.

Вилард - колку глупаво име - пикаше нешто под другиот единечен кревет во мојата соба. „Што правиш?“ ја прашав со неприкриен презир.

Таа не одговори. Не мораше.

„Се измоча во кревет?“

Таа продолжуваше да шмрцка. Упорно ставаше нешто под креветот. Совршено. Ова беше баш одлично. Сега мојата соба требаше со денови да мириса на мочка, чисто во случај сѐ друго да не беше доволно.

„Не ги криј чаршавите“, промрморев, клоцајќи ги моите. „Мораме да ги ставиме во машината за перење или ќе ја засмрдат целата куќа. Пресоблечи ги пижамите.“

Таа тивко ме послуша. Се симнав долу со валканата постелнина, игнорирајќи ги ужасните звуци од спалната соба. Вилард ме следеше како слаб блед дух. Ги ставив чаршавите во машината за перење, а потоа сипав прашок и омекнувач за алишта - во изминатата година со горчина се имав прилагодено на сите домашни работи. Тогаш се свртев и ја отворив устата за да кажам нешто злобно и авторитетно, да се осигурам дека таа знаеше каде ѝ е местото и го препознаваше својот статус на натрапник, имав намера да ѝ кажам да се држи понастрана од мене.

Таа плачеше.

„Сакаш сладолед?“ ја прашав и, без да почекам да ми одговори, ја кренав во раце - таа беше минијатурна и ковчеста, како некое изгладнето, жолто пиленце, нејзината кратка, руса коса стрчеше на сите страни. Ја однесов во кујната, ја седнав покрај масата и го извадив сладоледот од фрижидерот. „Мислам дека јас ќе те викам Вила“, реков, подавајќи ѝ лажица. „Со оглед на тоа што си толку убава, мислам дека би требало да имаш женско име, нели?“

Таа не одговори. Не јадеше од сладоледот.

„Вила? Може?“

„Извини“, шепна таа со очите вперени во масата, а мене во истата секунда ме преплави еден врел бран од срам и каење, од копнеж и тага и сè друго, по ѓаволите.

Тешко подголтнав, ги истуркав настрана сите тие чувства остри како ножеви и лапнав од сладоледот. „Добро звучи, зар не? Вила и Харпер. Вила Катер и Харпер Ли се одлични американски писателки, го знаеше тоа?“

Се разбира дека таа не го знаеше тоа. Јас и самата ја имав прочитано информацијата во текот на летото додека практично живеев во минијатурната библиотека, обидувајќи се да ја исполнам паничната дупка што ја имаше оставено мајка ми и избегнувајќи ја ужасната љубезност на вработените. Цело лето се криев помеѓу полиците и се молев за невидливост, губејќи се во книгите најдобро што можев. И покрај тоа што со Беверли немав разменето повеќе од четири реченици, претпоставував (и се покажа дека сум била во право) дека најинтелектуалната литература што таа ја читаше беше Us Weekly.

„Мислам дека звучи добро. Вила и Харпер, Харпер и Вила.“ Направив пауза. „Претпоставувам дека сега сме сестри.“

Тогаш таа ме погледна во очи за првпат, а во нејзиниот поглед имаше мала искра од надеж. И туку-така, јас ја засакав. Почнав да внимавам на неа и да се грижам за неа од тој момент и никогаш не престанав.

Затресов со главата за да се освестам и да го избркам споменот. Беверли сега зборуваше за тоа кога ќе летаат накај Монтана и какви бовчи би можела да искомбинира за толку кратко време, а татко ми зјапаше во бродовите.

Си го прочистив грлото. „Никој друг, освен мене, не е загрижен за тоа што Вила ќе се мажи по третпат?“

„Па, добро, види, татко ти ми е трет сопруг мене, нели слатко коленце? Па претпоставувам дека јас не гледам ништо лошо во тоа, шеќерче. Трета среќа!“

„Таа штотуку го запознала типов“, ги потсетив.

„Добро, тие се сретнаа и на твојата свадба, душичке.“

„На шест часа“, истакнав.

„И Кристофер мора да е добар човек штом му е

брат на Ник.“ Ја потиснав болката предизвикана од тој коментар - незрелиот дел од мене сакаше таа да каже: *Ако е поврзан со тој твој глупав поранешен сопруг, Харпер, тогаш тој мора да е тежок шупак.*

Но не, Беверли си тераше по свое. „Кристофер ми звучеше многу фино кога зборувавме на телефон! Ух, да видиш само колку е културен, а јас мислам дека тоа кажува многу за еден човек, нели, Џими, медењаче?“

Татко ми не одговори.

„Тато? Имаш нешто да кажеш?“ го прашав.

Татко ми ме погледна. „Вила е возрасна, Харпер. Таа има скоро триесет години.“

„Таа прво се омажи со бивши затвореник, а потоа со хомосексуалец. Можеби од овде можеме да извлечеме заклучок дека не е баш најдобра за проценување луѓе кога станува збор за мажи?“ реков, обидувајќи се и понатаму да звучам љубезно.

„Ох, слушај се што зборуваш, Харпер, шеќерче! Зарем не веруваш во вистинска љубов?“

„Впрочем, не, не во смислата на која мислиш ти, Беверли.“

„Господ нека ти даде здравје, Харпер, но мене не можеш да ме прелажеш. Гарантирам дека твојот убав Денис има што да каже за вистинската љубов! Ти само креваш прашина. Мислам дека ти потајно си романтичар, е така мислам јас. Само глумиш дека си цинична поради таа твоја работа. Значи лаванда одговара? Јас ќе ти ја средам косата. Знаеш дека обожавам да правам фризури.“

Навистина немаше поента да се обидувам да зборувам со Беверли. Или пак со татко ми кој никогаш немаше став за ништо. „Може лаванда.“ Воздивнав. Се надевав дека Вила ќе се вразуми дотогаш.

„Сакате да летаме сите заедно натаму? Вилард и нејзиното младо момче ќе тргнуваат за една недела од среда, а јас и татко ти сакаме да стигнеме таму што е можно поскоро! Тој умира од желба да ја види неговата мала Вилард, така ли е, Џими?“

„Така е.“ Тоа веројатно беше вистина. Татко ми отсекогаш се сложуваше подобро со Вила отколку со мене.

„Значи ние да резервираме и за тебе и за Денис, може така? Може да седиме сите заедно!“

И покрај тоа што технички ги сакав татко ми и Беверли, помислата да бидам заробена во авион со нив во времетраење од пет или шест часа беше подеднакво привлечна како тоа да бидам затворена во авион со... ох Боже... Ал Каеда? Плус, ако работите тргнеа на добро, тогаш немаше да морам да летам никаде. „Свадбата е во сабота?“ прашав. Беверли кимна. „Е па тогаш јас и Денис најверојатно ќе купиме авионски карти за четврток или петок.“

„Ајде бе, Харпер, медењаче, твојата малечка сестра прави свадба!“

„А јас веќе бев на нејзините претходни две свадби“, реков, смешкајќи се за да ги ублажам зборовите. „Ќе дојдам најбрзо што можам, може така? Сега, навистина не сакам да бидам безобразна, но имам многу работа“, реков станувајќи.

„Се разбира, знаеме дека си работохолик! Јасно ни е! Не мора да ни кажеш двапати.“ Беверли ме гушна, лепејќи ме за своите гради кои имаа форма и големина на топки за куглање, ме бакна во двата образи, размачкувајќи ме со розов кармин, ми ја разбушави косата и успеа уште еднаш да ме прсне со лакот за крај. „Ајде неделава да седнеме на ручек, може? Можеме да поразговараме за сите детали. Мислиш дека треба да најмиме стриптизер за нејзината моминска забава? Се прашувам дали имаат машки стриптизери во Монтана.“ Беверли замислено ги испапчи усните. „Ајде, ќе видиме“, рече таа и замина, а татко ми тивко тргна по неа.

Три секунди подоцна, таа повторно се врати. „Душо, можеби сега не е најдобар момент да зборуваме за ова, но злато, ми треба една услуга.“ Таа дискретно погледна зад себе.

„Хм... добро.“

„Морам да кажам некому за да ми олесни.“

„Секако.“ Длабоко вдишав, заземав добра положба за слушање и се подготвив за најлошото.

И најлошото дојде. Беверли почна да зборува, мавтајќи со рацете и покажувајќи со нејзините нокти

обоени со портокалов лак. „Јас и татко ти... Долго време не сме имале секс. Впрочем, точно седум недели."

„Ох, Боже", реков јас, згрчувајќи се.

„Па само се прашував, да не знаеш зошто е тоа така?"

Дадов сѐ од себе за да ѝ одговорам. „Беверли, знаеш... па, јас и татко ми не зборуваме за... тоа. Реално, ние не зборуваме за ништо. И можеби би требало да..."

„Што да правам? Мислам, тој обично не може да се насити..."

„Добро! Па. Мислам дека ќе биде подобро да поразговараш со некоја од твоите пријателки. Или со татко ми. Или со, хм, твојот свештеник. Можеби со свештеникот Брус?" *Извини, Оче.* „Не со мене. Вие двајца сте ми... знаеш. Семејство."

Беверли подразмисли за ова, а потоа воздивна. „Секако, во право си, крофничке. Добро. Но ако тој ти каже нешто..."

„Сигурна сум дека нема."

„...ќе ми пренесеш, важи? Ајде сега чао!"

На тишината ѝ требаа неколку минути за да се вра-ти во моето мало парче рај, како да се плашеше дека Беверли би можела повторно да се појави. Околу мене се слушаше само шушкањето на грмушките на ветрот. Од другата страна на брдото доаѓаше слаба смеа и од некоја причина, ова направи да се почувствувам... осамено. Коко дојде до мене и легна пред моите стапала, а потоа го спушти малото главче на моето босо десно стапало. „Фала, душичке", реков.

Долго време гледав во пристаништето. Крајот од летото е особено убав и горко-сладок период на Вајнјард. Есента доаѓаше полека, како на прсти, островот постепено стивнуваше, децата се подготвуваа за враќање на училиште. Ноќите кои можеа да се поминуваат на бродовите и тремовите сега беа одбројани. Ноќта паѓаше порано, а лисјата веќе го губеа летниот раскош. Но вечерва, јас реално не го гледав погледот кој толку често ме успокојуваше после долг работен ден.

*Освести се, Харпер,* си реков. Навистина имав работа. Влегов внатре и ја видов сијаличката што трепкаше на мојата телефонска секретарка.

*Прва порака, примена денес во 18 часот и 4 минути*. „Харпер? Томи е." Се слушна тешка воздишка. „Слушај, јас се премислувам. Види, проблемот е во тоа што, јас ја сакам, знаеш... и можеби ФедЕкс бил само грешка и можеме да одиме на советување? Мислам, пак да одиме на советување? Не знам. Извини што те барам дома. Се гледаме утре."

„Кутро човече", промрморев автоматски. Сопругата на мојот приправник го имаше изневерено со типот од ФедЕкс и Томи размислуваше за развод. Јас не сакав да го застапувам - веќе имав научено дека никогаш не е паметно да застапуваш пријател во развод - но Томи имаше одлучено дека ќе му бидам рамо за плачење и покрај тоа што не му давав којзнае каква утеха, иако имав само најдобри намери.

*Втора порака, примена денес во 18 часот и 27 минути*. „Харпер! Јас сум, Вила! Ќе се обидам да те добијам на мобилен. Чекај, да не ти вртам сега на мобилен? Или ова ти беше домашниот број? Чекај малку... добро, домашниот е. Па, се слушаме подоцна! Те сакам!" И покрај мојот немир поврзан со нејзините вести, не можев да не се насмевнам. Слатко, слатко дете. Збунета и наивна, секако, но страшно среќна и весела личност.

*Трета порака, примена денес во 19 часот и 1 минута*. Баш додека сум го барала Денис за маж, што сега, искрено, ми изгледаше како настан кој се случил минатата година.

Третата порака беше само... тишина. Никој не зборуваше... но личноста немаше ни спуштено. За секунда, моето срце се стегна и не можев да направам ништо друго, освен да стојам згрчена и вкопана в место.

Дали Ник би ми се јавил, сега кога нашите сестра и брат планираа свадба?

Не. Тој го немаше мојот број - го немав пријавено ни на Информации. А дури и да го имаше, знаев дека никогаш не би ми се јавил. Тогаш машината бипна, ослободувајќи ме од парализата. *Немате повеќе нови пораки*.

Го проверив идентификаторот. Прикриен број.

Веројатно некој телемаркетер.

Речиси без размислување, се упатив кон мојата спална соба. Боса, го повлеков столчето од пред огледалото за шминкање кон плакарот и се качив на него, посегнувајќи кон највисоката полица. Ја симнав старата кутија. Седнав на креветот и полека... многу полека... ја отворив кутијата. Внатре беше свилената марама што Вила ми ја имаше подарено за роденден пред три години, во различни зелени нијанси кои, со мојата виткана црвена коса и зелени очи, правеа да изгледам како девојка од ирска реклама за туризам. Внатре беше црното волнено капче што баба ми ми го имаше сплетено непосредно пред нејзината смрт. Мојот избледен примерок од *Да се убие птицата што се потсмева*. Отсекогаш претпоставував дека ме крстиле по Харпер Ли (а колку жени по име Харпер постоеја?) и во годината откако мајка ми замина, ја прочитав книгата девет пати, барајќи да откријам како можело толку да ја сака приказната, а сепак да го напушти своето единствено дете.

Таму, под сѐ друго, се наоѓаше она што ми требаше во моментот.

Фотографија. Ја зедов. Рацете малку ми се тресеа и целосно престанав да дишам додека гледав во сликата.

Боже, колку бевме млади.

Фотографијата беше направена утрото на нашата свадба, татко ми го испробуваше апаратот за церемонијата попладнето. Јас и Ник не се оптоварувавме со она суеверие дека младоженците не смеат да се видат пред застанувањето пред олтарот. Генерално не верувавме во никакви суеверија (иако, кога ќе земеме предвид сѐ што се случи...). Утрото беше студено и облачно, а јас и Ник излеговме да седнеме на скалите пред куќата на татко ми, двајцата со шолји кафе во рацете, јас во памучна бањарка, Ник, Њујорчанец, во избледена сина маичка со логото на Јенкис и шорцеви, неговата темна коса разбушавена. Тој малку се смешкаше додека ме гледаше, неговите темни очи, кои знаеја да изгледаат страшно трагично и ранливо и надежно во исто време, во овој момент беа среќни.

Тоа се гледаше на нашите лица... Ник, самоуверен,

среќен, речиси арогантен. Јас, однатре хаос, тајна руина.

Затоа што, се разбира, се колебав. Имав дваесет и една година, да му се плукнам. Штотуку дипломирав. Брак? Дали бевме луди? Но Ник беше доволно сигурен за двајцата. И тој ден - дваесет и први јуни, првиот ден од летото - само тој еден ден, јас му верував. Се сакавме и можевме да живееме среќно до крајот на животот.

Живеј и учи.

„Повеќе не си глупаво дете", реков на глас, сè уште зјапајќи во младата јас на сликата. Сега бев своја личност. Сега имав работа, куќа, куче, момче... Работите не мораа да го имаат баш тој редослед, но јасно е што сакам да кажам.

Ја спуштив фотографијата и длабоко вдишав. Го исправив грбот и повторно си ја собрав разбушавената коса во вообичаеното мазно опавче. Значи, требаше повторно да го видам Ник. Немирот кој таа помисла претходно го имаше разбудено во мене сега го немаше. Немав за што да се грижам во врска со Ник. Тој беше само една грешка од мојата младост. Бевме занесени... и да, бевме вљубени. Но во една врска треба многу повеќе од љубов. И осумгодишното работење како адвокат за разводи дефинитивно ми ја имаше докажано таа вистина.

Но постоеше време кога Ник можеше да ме претвори во пудинг со еден обичен поглед. Постоеше време кога една насмевка од Ник можеше да ме исполни со таква радост што летав со денови. Постоеше време кога еден ден поминат без Ник можеше да направи да се чувствувам како кожата да не ми одговара на телото и да се чувствувам добро и повторно правилно само кога тој ќе си дојдеше дома.

Не беше никакво чудо што не ни успеа. Таквите чувства... тие не можат да траат.

Ми требаа години за да го преболам Ник и конечно го имав преболено. И имав намера, кога ќе го видам - односно, *ако* го видам - да бидам смирена и опуштена, кул.

Јас и Денис имавме стабилна врска, можеби не бевме савршени, но тоа што го имавме беше стабилно.

Што и да ми значеше Ник порано, па, тоа сега беше претворено во пепел.

Чувствував дека ми требаше *многу малку* за да поверувам во ова.